Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 03.10.2021

Денеска (03.11.2021) во 10.05 часот полициски службеници од Оперативен тим - потраги на подрачјето на Аеродром го лишија од слобода М.П.(31) од Скопје. За него биле распишана потерница од Основен кривичен суд за издржување на казна затвор од 1 година и 6 месеци во врска со сторено кривично дело по чл.215 од Кривичниот законик. М.П ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на затворската казна.

На 02.11.2021 во 20.10 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на ул.„Лазар Личеноски" ги лишиле од слобода К.Ш.(28) од Кичево и М.И.(23) од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.11.2021 во 00.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Стопански двор ги лишиле од слобода З.С.(24) и А.А.(24), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.11.2021 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.А.(27) од Прилеп, затоа што во неговото патничко возило превезувал огревни дрва без соодветна документација. Тој бил приведен во полициска станица, а дрвата биле одземени и предадени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.11.2021 во 01.00 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода Ц.Н.(25) од Република Албанија, бидејќи при пасошка контрола приложил патна исправа на име од Л.Ф.(22) од Република Албанија. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 03.11.2021 во 02.15 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го лишиле од слобода М.Ј (31) од Црна Гора, затоа што по извршена контрола било констатирано дека потврдата за извршена вакцинација против ковид-19 е фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 02.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 19 мерки и тоа 13 за возачи кои ја пречекориле максималната дозволена брзина во населено место и 6 мерки за возачи кои ја пречекориле максималната дозволена брзина надвор од населено место. Откриени се и 4 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 02.11.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е засилена сообраќајна контрола, во која биле откриени и санкционирани 5 технички неисправни возила (ТЕ-2 и ГВ-3), сите со неисправни сопирачки, 1 за нерегистрирано возило (ТЕ) и 2 други видови неисправности (ТЕ). Покрај ова, од сообраќај биле исклучени и 11 возачи (ТЕ-7 и ГВ-4), од кои 9 управувале без возачки дозволи (ТЕ-5 и ГВ-4) и 2 (ТЕ) возачи-почетници. Во рамките на контролата, исто така, санкционирани се и 9 непрописно паркирани возила (ТЕ), а 4 биле и подигнати од тетовската „пајак-служба", како и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-6).

На 02.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 10 прекршоци, од кои 7 надвор од населено место и 3 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за управување возило под дејство на алкохол и 3 за некористење на сигурносен појас.

На 02.11.2021 во 09.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат Скопје-с.Арачиново, во близина на влез за с.Брњарци, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од З.С.(55) од с.Грушино и автобус „јутонг", управуван од И.В.(42) од Скопје, и двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата З.С. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.11.2021 во 15.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на улица „Илија Ајдински" во Ново Село, струмичко, С.П.(69) од Ново Село застанал со трактор „имт 539" на тротоар и се симнал од него, но не го закочил, по што тракторот почнал да се движи и го удрил. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил С.П., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

Во текот на изминатото денонокие (02.11/03.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 8 прекршоци.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против З.А.(50) од с.Заграчани, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При извршен претрес во неговиот дом на 11.05.2020, полициските службеници пронајдоа и одзедоа 18 патрони - муниција за ловечка пушка кал. 16 мм и смола од хашиш.

На 02.11.2021 во 12.00 часот во СВР Скопје, 77 – годишен жител на скопско село пријавил дека околу 10.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров бил измамен од две лица. Според пријавеното, лицата му побарале и добиле пари на заем за да се услужат во врска со наводно случена сообраќајна несреќа, а како залог му оставиле рачен часовник. Откако подолг временски период лицата не дошле да го вратат заемот, тој сфатил дака бил измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.11.2021 околу 16.00 часот во СВР Скопје, од Затвор Скопје било пријавено дека во затворот осуденикот З.Н. физички нападнал затворски полицаец. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.11.2021 во 13.04 часот во СВР Скопје, од Бригадата за противпожарна заштита Скопје било пријавено дека на ул.„Серава" настанал пожар во стан на Н.Б.(36) од Скопје, при што било опожарено електричното броило. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.М.(39) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Во текот на 2020 година, на своја сметка во банка уплатил 1.845.000 денари и за таа сума не уплатил данок на доход од 10%, со што го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 02.11.2021 во 18.32 часот во СВР Скопје, И.Л.(42) од с.Батинци, скопско, вработен во агенција за обезбедување, пријавил дека во с.Љубош, скопско, настанал пожар во патничко возило „дачија дастер", со скопски регистарски ознаки, сопственост на агенцијата. Повредени нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Л.Е.(25) од с.Зајас, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 07.09.2021, полициските службеници не ја пронашле пријавената во нејзиниот дом, со што постапила спротивно на решението за задолжителна изолација издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и на законските прописи за заштита на населението од Ковид-19.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет